Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-303/2
28.05.2021 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за отфрлање на претставка како неуредна

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена преставка со архивски број 08-303/1 од 15.11.2020 година поднесена од „група на граѓани од Општина Делчево“ против Општина Делчево.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Доколку претставката не ги содржи овие елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка подносителот не е наведен и е непознат и нема наведено адреса на која може да се достави известување за доуредување, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Скопје
26.05.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје